**20240270611**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И КОНКУРЕНТНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија.

Средствата во износ од 18.530.000 (осумнаесет милиони и петстотини и триесет илјади) денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, раздел 10001 Министерство за економија и труд, Програма Д, Потпрограма ДГ–Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставка 462 и 464, наменети за развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчии.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година наменети за реализација на оваа програма, ги распределува Министерството за економија и труд.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма, ќе се користат за следните намени:

МЕРКА 1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија во вкупен износ од 5.530.000 денари.

Предмет на мерката 1 е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија, кои вработуваат најмалку две лица преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 150.000 денари вкупно по апликант, направени за следните намени:

- Развој или набавка на дигитални решенија и технологии со цел дигитална трансформација на деловните процеси или производство и/или
- Имплементација, адаптација и интеграција на дигитални решенија и технологии.

МЕРКА 2. Субвенционирање на трошоци на занаетчии во вкупен износ од 3.000.000 денари.

Предмет на мерката 2 е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 120.000 денари по апликант, направени за:

- набавка на нови машини и алати и
- дизајн на нов производ.

МЕРКА 3. Надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди во вкупен износ од 1.500.000 денари.

Предмет на мерката 3 е надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди и тоа 40% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 150.000 денари поединечно за секој апликант.

МЕРКА 4. Надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на ХАЛАЛ систем во вкупен износ од 1.500.000 денари.

Предмет на мерката 4 е надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на ХАЛАЛ систем и тоа 40% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 150.000 денари поединечно за секој апликант.

МЕРКА 5. Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели во вкупен износ од 7.000.000 денари и тоа:

1. 1. Кофинансирање на проекти на фондации и здруженија кои се однесуваат на нефинансиска поддршка за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на проект, но не повеќе од 350.000 денари по апликант за следните приоритетни области:

- зелена економија,
- електронска трговија,
- пристап до финансии и алтернативни форми на финансирање,
- интернационализација,
- циркуларна економија,
- дигитализација на процесите,
- вештачка интелегенција,
- промотивни активности за концептот на бизнис ангели и
- креирање на култура на социјално претприемништво.

2. Кофинансирање на проекти на здруженија, фондации и занаетчиски комори за развој и промоција на занаетчиството преку кофинансирање на 70% од трошоците за реализација на проект, но не повеќе од 350.000 денари по апликант за следните активности:

- организирање на обуки за поединечни занаетчиски дејности и креативни занаети,
- организирање на форуми,
- организирање на промотивни активности и
- обуки за јакнење на свеста за придобивките од легализација на занаетчискиот бизнис.

3. Кофинансирање на проекти за програмски активности на мрежите на бизнис ангели преку кофинансирање на 70% од докажаните трошоци, но не повеќе од 350.000 денари поединечно за секоја мрежа-барател и тоа за реализација на проекти кои вклучуваат:

- обуки на претприемачи за средба со бизнис ангели,
- обуки за стекнување на неопходните вештини на потенцијални инвеститори (бизнис ангели) за водење на постапката на инвестирање и
- организирање средби меѓу претприемачи и бизнис ангели за презентирање на бизнис идеи.

Член 3

Доделувањето на средствата од мерките од член 2 од оваа програма, ќе се изврши преку објавување на јавни повици на веб - страницата на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk.

Член 4

Со цел придонесување кон рамномерен регионален развој, барателите на финансиска поддршка за мерките 1 и 2 од член 2 од оваа програма ќе добијат дополнителна финансиска поддршка во зависност од планскиот регион од каде аплицира барателот.

За потребите на пресметка на дополнителната финансиска поддршка од ставот 1 на овој член, ќе се користат последните достапни податоци за БДП по глава на жител по региони кои ги објавува Државниот завод за статистика.

Дополнителната финансиска поддршка ќе се пресметува врз основа на процентуална разлика помеѓу планскиот регион со највисока вредност на БДП по глава на жител и вредноста на БДП по глава на жител на планскиот регион во кој е седиштето на барателот на финансиска поддршка.

Член 5

Поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант за мерките 1, 2, 3 и 4 утврден согласно членовите 2 и 4 од оваа програма може да биде изменет односно процентуално намален, доколку вкупно одобрениот износ на средства за субвенционирање на сите апликанти кои ги исполнуваат предвидените услови во Јавниот повик го надминува планираниот износ на средства за реализација на мерките 1, 2, 3, и 4 од оваа програма.

Процентот на рамномерно намалување на поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант ќе се утврди во зависност од разликата меѓу потребните и расположливите средства за субвенционирање.

Член 6

За реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија и труд.

Министерството за економија и труд, заклучно со 31 март 2026 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата и наменско користење на средствата.

Член 7

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-730/7
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.